Архивски број: 0801-231/6

Датум: 13.09. 2021 година

Постапувајќи по претставка бр. 0801-231/1 од 13.07.2019 поднесена од, [redacted] истражувања против Државна изборна комисија за сторена дискриминација врз основ на личен статус, возраст и здравствена состојба во областа на остварување на избирачко право, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 21, став 1 точка 14 и член 27, став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Службен Весник на Р.С. Македонија бр. 258/2020 од 30.10.2020), на 13.09.2021 г. го донесе следново:

## МИСЛЕЊЕ

**СЕ УТВРДУВА ИНДИРЕКТНА** ДИСКРИМИНАЦИЈА, по основ на личен статус, возраст и здравствена состојба во областа на остварување на избирачко право, кон граѓаните кои за време на изборните кругови 21 Април и 5 Мај 2019 на претседателските избори, биле сместени во здравствените установи, а произлегуваат од навидум неутрални одредби од Изборниот законик со што им било оневозможено да го остварат своето избирачко право гарантирано со Уставот на Република Северна Македонија.

## Образложение

Во претставката за заштита од дискриминација, поднесена од [redacted], против Државна Изборна Комисија што е поднесена на ден 13.07.2019 година. Поднесувачот во претставката објаснува дека:

Во текот на претседателските избори 2019 година, дел од граѓаните не можат да го остварат своето избирачко право, заради тоа што не им беше овозможено да гласаат во рамките на институција (здравствена установа) во која што се привремено згрижени, иако Уставот, законот и други позитивни акти тоа им го гарантираат. Поради ваков проблем „Институтот за правно и политички истражувања" поднел барање до ДИК за слободен пристап до информации од јавен карактер, со кое бара информација: Колку лица сместени во болници и старачки домови оствариле право на глас во двата избирачки круга на претседателските избори 2019 г?. ДИК на 03.07.2019 г, одговорил дека: согласно Изборниот законик, во болниците на Р.С.Македонија не се спроведува гласање.

[redacted] до Комисијата ја достави следнава документација:

- Претставка на [redacted] до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација
- Поднесок до Државна изборна комисија преку Јавна установа меѓуопштински центар за социјална работа на град Скопје до Државна Изборна Комисија
- Одговор на Државна Изборна Комисија до [redacted], по барањето за информации од јавен карактер.

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација на 25.05.2021 година, до Државна Изборна Комисија, испрати барање за произнесување околу наводите содржани во претставката за заштита од дискриминација бр. 0801-231. Произнесувањето од страна на Државна Изборна Комисија, со бр. 03-976/3 на 13.07.2021 г, пристигна до архивата на КСЗД. Во истото тие истакнуваат дека: *Согласно законот за домување јасно е утврдено дека „ДОМ" не може да биде земена болничка или било каква друга здравствена установа, што*

*не носи до заклучокот дека доколку законодавецот има намера да го регулира ова прашање и да овозможи постапка за гласање и во здравствените и болничките установи во кои на подолг или пократок период се сместени болните и изнемоштените лица соодветно ќе треба да усвои нови одредби во изборниот законик со кој детално или прецизно би се регулирала оваа постапка се со цел истата да не биде подложна на било какви злоупотреби.*

*Државната изборна комисија како професионален орган го има детектирано овој недостаток и* ***има доставено соодветно препораки во насока на надминување на овој проблем до Министерството за правда*** *како предлагач на Изборниот Законик.*

Согласно член 8 став 2 од ЗСЗД, ваквото однесување се третира за индиректна и продолжена дискриминација по основ на личен статус, возраст и здравствена состојба во областа на остварување на избирачко право, како резултат на постоење навидум неутрални одредби во Изборниот законик, попрецизно, околу дефинирањето на поимот **ДОМ** каде што болните и изнемоштени лица единствено можат да го остваруваат своето избирачко право кон граѓаните кои за време на изборните кругови 21 Април и 5 Мај 2019 на претседателските избори, сместени во здравствените установи, болниците им било оневозможено да го остварат своето избирачко право гарантирано со Уставот на Република Северна Македонија.

Согласно ова, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација утврди индиректна продолжена дискриминација која произлегува од одредбите содржани во Изборниот законик. Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, согласно член 27 став 2 ја издава следната

**П Р Е П О Р А К А**

Им се препорачува на Државната Изборна Комисија во разумен рок да превеземе активности за иницирање на широка јавна дебата во која ќе учествуваат сите релевантни институции заедно со КСЗД, во насока да се направат промени во Изборниот законик, кои на оваа група граѓани ќе им овозможат остварување на своето Уставно загарантирано право на глас и за истото да ја извести КСЗД.

Известител: член на КСЗД, **Лимко Бејзароски**

Скопје, 13.09.2021

Комисија за спречување и заштита од дискриминација

Претседателка

**Весна Бендевска**

Комисија за спречување и заштита од дискриминација Скопје

Доставено до:
1. Државна изборна комисија, Ул. Св.Кирил и Методиј бр 54, 1000 Скопје
2. [redacted] 1000 Скопје